Уп. бр. 08-76

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од ККЦГ Гроуп АГ, со седиште на адреса ул. Капеллгассе 21, 6004 Луцерн, Швајцарија, доставено преку Адвокатско друштво ГЕОРГИ ДИМИТРОВ АДВОКАТИ Скопје, на седницата одржана на ден 20.05.2026 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која ККЦГ Гроуп АГ, со седиште на адреса ул. Капеллгассе 21, 6004 Луцерн, Швајцарија, ќе стекне индиректна единствена контрола над Интер Терминалс Шведска АБ, со регистрирано седиште на ул. Смерјолјегатан 21, 418 34 Гетеборг, Кралство Шведска, и Интер Терминалс Данска А/С, со регистрирано седиште на ул. Холтенгордсвеј 25, 4230 Скелскор, Кралство Данска, преку купопродажба на акции, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 21.04.2026 година, а дополнето на 04.05.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од ККЦГ Гроуп АГ, со седиште на адреса ул. Капеллгассе 21, 6004 Луцерн, Швајцарија, со која ККЦГ Гроуп АГ преку своето зависно друштво Голдцуп 39308 АБ со регистрирано седиште на адреса BOX 270, 851 04 СУНДСВАЛЛ, Стокхолм, Кралство Шведска ќе стекне единствена контрола над Интер Терминалс Шведска АБ, со регистрирано седиште на ул. Смерјолјегатан 21, 418 34 Гетеборг, Кралство Шведска и преку своето зависно друштво Интер Терминалс Данска Холдинг АПС со регистрирано седиште на адреса ц/о Моалем Вајтемајер Адвокатпартнерселскаб, ул. Амалиегаде 3, 1256 Копенхаген, Кралство

Данска ќе стекне единствена контрола над Интер Терминалс Данска А/С, со регистрирано седиште на ул. Холтенгордсвеј 25, 4230 Скелскор, Кралство Данска, по пат на купопродажба на акции.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**ККЦГ Гроуп АГ** е матично друштво на корпоративната групација ККЦГ (во понатамошниот текст: „ККЦГ Гроуп"). ККЦГ Гроуп инвестира во различни деловни области, вклучувајќи лотарии и игри на среќа, енергетика, недвижности и информатички технологии.

Во Република Северна Македонија, ККЦГ Гроуп е присутна на пазарот за управување со видеолотариски терминали и ИТ и ги има следните зависни друштва:

- Друштвото за приредување на игри на среќа КАСИНОС АУСТРИА ИНТЕРНАТИОНАЛ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје, со седиште на бул. „Киро Глигоров" бр. 2, Скопје – Гази Баба, со приоритетна дејност 92.000 - дејности на коцкање и обложување;
- Друштвото за приредување на игри на среќа Државна видеолотарија на Република Македонија - КАСИНОС АУСТРИА ДОО Скопје, со седиште на бул. „Киро Глигоров" бр. 2, Скопје – Гази Баба, со приоритетна дејност 92.000 - дејности на коцкање и обложување;
- Друштво за информатичка технологија АВЕНГА ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. „11-ти Октомври" бр. 33А, Скопје – Центар, со приоритетна дејност 62.100 - компјутерско програмирање;
- Друштво за компјутерско образование и развој на иновации АВЕНГА АКАДЕМИ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. „11-ти Октомври" бр. 33А, Скопје – Центар, со приоритетна дејност 85.590 - друго образование неспомнато на друго место;
- Друштво за производство, трговија и услуги МУСАЛА СОФТ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. „11-ти Октомври" бр. 33А, Скопје – Центар, со приоритетна дејност 62.100 - компјутерско програмирање, моментално неактивно друштво.

**Интер Терминалс Шведска АБ и Интер Терминалс Данска А/С** се активни во инфраструктурниот сектор, со стратешка мрежа на терминали за складирање на течности во големи количини во Данска и Шведска, соодветно. Тие се активни во два главни сегменти:

-интегрирана логистика (терминали поврзани со цевководен, патен, железнички и авионски транспорт на гориво, кои поддржуваат рафинерии и индустриски кластери), и
- складирање на течности во големи количини.

Интер Терминалс Шведска АБ и Интер Терминалс Данска А/С немаат зависни друштва во Република Северна Македонија и немаат остварено приходи во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Сиљановска Николиќ**